ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ

МАЛИ ОЛИМПИСКИ ИГРИ ЗА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

КОЧАНИ - ДЕЛЧЕВО

2025









БИЛТЕН бр.1

14 – 16 МАЈ 2025

ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА
“ МАЛИ ОЛИМПИСКИ ИГРИ “
ЗА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

“ КОЧАНИ - ДЕЛЧЕВО “
14 – 16.Maj.2025

П О К Р О В И Т Е Л И :

МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ НА Р С М
ГРАДОНАЧАЛНИК И СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ
ГРАДОНАЧАЛНИК И СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА Р С М

О Р Г А Н И З А Т О Р И :

ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ – КОЧАНИ
УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КЛУБ “ШАМПИОН“ - ДЕЛЧЕВО

О Р Г А Н И З А Ц И О Н Е Н О Д Б О Р :

1. БОРКО РИСТОВСКИ – Министер за спорт на РСМ
2. АЛЕКСАНДАР ТУФЕКЧИЕВСКИ – Претседател на ФУСМ
3. ВЕНКО КРСТЕВСКИ - в.д. Градоначалник на Општина Кочани
4. ГОРАН ТРАЈКОВСКИ - Градоначалник на Општина Делчево
5. ГЛИГОР ХРИСТОВ - Генерален секретар на ФУСМ
6. МИЛАН КОЛЕВ - Претседател на Натпреварувачка комисија на ФУСМ
7. СЛАВЧО ДАВИТКОВСКИ – Потпретседател на ФУСМ и Претседател на СУС на Источен регион
8. ОЛИВЕР ЈОВАНОВСКИ - Претседател на Сојуз на училишен спорт - Кочани
9. ГОРАН ВЕЛКОВ - Претседател на УСК “Шампион“ - Делчево
10. АЛЕКСАНДАР АНДОВ - Директор на ООУ “Никола Карев“ – Кочани
11. МИЛЕВА БОГДАНОВА - Директор на ООУ “Крсте П. Мисирков“ - Оризари
12. ДРАГАН ТРАЈЧЕВ - Директор на ООУ “Кирил и Методи“ - Кочани
13. ГОРАН ДИМИТРОВСКИ- Директор на ООУ“Св.Климент Охридски“ - Делчево
14. ДИЈАНА ЦОНЕВА - Директор на СОУ “Методи Митевски-Брицо“ - Делчево

П Р О Г Р А М А

МАЛИ ОЛИМПИСКИ ИГРИ
“ КОЧАНИ - ДЕЛЧЕВО 2025 “

14.МАЈ.2025 - СРЕДА

К О Ч А Н И :

СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ на Малите олимписки игри 2025
Спортска сала на ООУ “Никола Карев“ : ФУТСАЛ - Машки
Спортска сала ООУ “Кирил и Методи“ : КОШАРКА - Машки
Фудбалски стадион “Никола Мантев“ : ФУДБАЛ - Женски

Д Е Л Ч Е В О :

Спортска сала СОУ “Методи Митевски-Брицо“ : РАКОМЕТ - Женски
Спортска сала ООУ “Св.Климент Охридски“ : ОДБОЈКА - Машки

15.МАЈ.2025 - ЧЕТВРТОК

К О Ч А Н И :

Спортска сала ООУ “Крсте П. Мисирков“ с.Оризари: ФУТСАЛ-Женски
Спортска сала ООУ “Кирил и Методи“ : КОШАРКА - Женски
Фудбалски стадион “Никола Мантев“ : ФУДБАЛ - Машки

Д Е Л Ч Е В О :

СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ на Малите олимписки игри 2025
Спортска сала СОУ “Методи Митевски-Брицо“ : РАКОМЕТ - Машки
Спортска сала на ООУ “Св.Климент Охридски“ : ОДБОЈКА - Женски

16.МАЈ.2025 - ПЕТОК

Атлетски стадион “СОКОЛАНА“ во КУМАНОВО

А Т Л Е Т И К А - Машки / Женски

УЧЕСТВО НА "МАЛИ ОЛИМПИСКИ ИГРИ 2025"

Право на учество на МАЛИТЕ ОЛИМПИСКИ ИГРИ за основни училишта "КОЧАНИ – ДЕЛЧЕВО 2025" имаат сите основни училишта во Република Северна Македонија, чии училишни спортски екипи и натпреварувачи обезбедиле пласман и учество на истите.

Право на учество на "МАЛИТЕ ОЛИМПИСКИ ИГРИ 2025" имаат редовни или вонредни ученици/ки од основните училишта запишани во учебната 2024/2025 година, кои се родени 2009 година и помлади.

Натпреварувањето на "МАЛИТЕ ОЛИМПИСКИ ИГРИ 2025" ќе се одвива во екипните спортови: ФУТСАЛ, КОШАРКА, РАКОМЕТ, ОДБОЈКА и ФУДБАЛ, како и во индивидуалниот спорт АТЛЕТИКА во машка и женска конкуренција.

На "МАЛИТЕ ОЛИМПИСКИ ИГРИ 2025" за основни училишта, во натпреварувањето во екипните спортови во машка и женска конкуренција учествуваат по 4 (четири) екипи, кои своето право на учество го стекнуваат на следниот начин:

1. Домаќинот-технички организатор на "Малите олимписки игри 2025", учествува директно со по една екипа во сите екипни спортови во машка и женска конкуренција.
2. Победничките екипи на Регионалните натпревари на Источен, Западен и Скопски регион во наведените екипни спортови во машка и женска конкуренција.

Натпреварувањето на "МАЛИТЕ ОЛИМПИСКИ ИГРИ 2025" во екипните спортови се реализира во ЕДНОДНЕВЕН турнир во КУП систем, со одигрување на вкупно 4 (четири) натпревари, и тоа: два полуфинални натпревари; натпревар за 3-4 место; и Финален натпревар за 1-2 место.

Жребувањето на екипите за Полуфиналните двојки и натпревари, ќе се изврши пред почетокот на турнирите од страна на делегатот на натпреварите и наставниците-водачи на училишните екипи.

Во АТЛЕТИКА, натпреварувачите во машка и женска конкуренција учествуваат директно без претходни регионални натпревари.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЕКИПИТЕ УЧЕСНИЧКИ "МАЛИТЕ ОЛИМПИСКИ ИГРИ 2025"

Согласно Правилникот за натпревари на ФУСМ, за учество на **МАЛИТЕ ОЛИМПИСКИ ИГРИ** (МОИ) за основни училишта **"КОЧАНИ - ДЕЛЧЕВО 2025",** училишните екипи треба да ги исполнуваат следните услови:

1. Бројот на членовите-играчи на една екипа изнесува:
   - во ФУТСАЛ до 10 (десет) играчи;
   - во КОШАРКА и ОДБОЈКА до 12 (дванаесет) играчи;
   - во РАКОМЕТ до 14 (четиринаесет) играчи;
   - во ФУДБАЛ – машки до 16 (шеснаесет) играчи;
   - во ФУДБАЛ – женски до 14 (четиринаесет) играчи;

2. Пријавените играчи на една екипа на почетокот на МОИ остануваат исти без право на нивно менување или ротирање во текот на натпреварите на МОИ.

3. Еден натпреварувач/ка има право на настап во два спорта.

4. Список на учесниците-натпреварувачи и водачи на екипата заверен од училиштето и лекарски преглед не постар од шест месеци за натпреварувачите се задолжителни.

5. Идентитетот на натпреварувачите се докажува со членска книшка на ФУСМ или друг документ за лична идентификација (лична карта, пасош, ученичка книшка, број од главна книга).

6. Екипите учеснички немаат право да се засилуваат и настапуваат со играчи ученици од други училишта.

7. Екипите за време на натпреварите може да ги водат еден или двајца професори, кои ги има во списокот на учесници заверен од училиштето.

8. Екипите се должни да имаат еднообразна спортска опрема-дресови и со себе да носат топки за загревање, а домаќинот-организатор обезбедува топки за игра и натпревар.

9. На првите три пласирани екипи ќе им бидат доделени пехари, дипломи и медали, додека на четвртопласираната екипа ќе и бидат доделени само дипломи.